Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 29.08.2023

Вчера (28 август) околу 20.30 часот на улица „Кеј Вардар" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 23-годишниот С.Д. од гостиварско Чегране. Тој се сомнича дека во текот на овој месец извршил две тешки кражби, едната во трговски објект во Гостивар, а втората во гостиварската болница. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно расчистување на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 28.08.2023 на „л„Партизанска" во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола ги лишиле од слобода Д.А.(21) и Д.Б.(29), двајцата од Битола, затоа што при преглед кај нив, кај Д.А. била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.08.2023 во 17.40 часот, полициски службеници од ОВР Неготино го лишиле од слобода Д.Т.(19) од Неготино затоа што кај него биле пронајдени и одземени повеќе пушка и повеќе парчиња разновидна муниција. Тој бил приведен во полициска станица и по документирање на случајот, ќе следува соодветна пријава.

На 28.08.2023 во 17.10 часот во Скопје на подрачје на Аеродром, полициски службеници ги лишиле од слобода Д.Ш.(35) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.08.2023 во 23.45 часот во Скопје, на подрачје на Гази Баба, полициски службеници ги лишиле од слобода Н.Ј.(23) од с.Инџиково, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.08.2023 во 17.15 часот на ул. Васил Стефоски во Охрид полициски службеници од СВР Охрид го привеле Х.К.Г.(30) од Шпанија, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

По текот на вчерашниот ден (28.08.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 421 возач. Од нив 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час. Притоа 155 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 266 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (28.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 88 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 21 санкција, 15 мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за управување под дејство на алкохол, 14 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл.

На 28.08.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 30 прекршоци, од кои 17 надвор од населено место и 13 во населено место. Санкционирани биле и 24 други видови на прекршоци, од кои 3 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за нерегистрирано возило, 4 за некористење сигурносен појас, 2 за возач почетник, 2 за некористење заштитна кацига, 10 за непропишно паркирање и 1 за непропишно вградени фолии.

На 28.08.2023 во 21.58 часот во СВР Битола било пријавено дека на регионалниот пат Македонски Брод – Прилеп, на место викано „Циглана" во с.Долнени, прилепско, патничко моторно возило „фолксваген голф" со прилепски регистарски ознаки, управувано од В.М.(18) од с.Пешталево, излетало од патот. Од здобијените повреди на местото починала сопатничката М.С.(18) од Прилеп, а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Со тешки телесни повреди се здобиле возачот В.М. и другата сопатничка Б.С.(18) од Прилеп, констатирани во болницата во Прилеп. Увид на местото на настанот извршиле јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 28.08.2023 во 20.08 часот во СВР Битола било пријавено дека на патот Битола – Маково, кај крстосница пред РЕК Битола, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „ford escort" со битолски регистарски ознаки, управувано од Г.Д.(48) од Битола и товарно моторно возило „volvo" со албански национални ознаки, управувано од С.П.(66) од Република Албанија. Во несреќата, Г.Д. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увидот на местото извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 28.08.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Радовиш било пријавено дека на регионален пат од село Ињево кон село Едино, радовишко, В.К.(75) од Радовиш управувајќи патничко возило „хундаи" со радовишки регистарски ознаки излетал надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот В.К., констатирани во Медицински центар Штип, а увид на местото на несреќата извршила екипа на Полициската станица Радовиш.

На 28.08.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Гази Баба, В.С.(53) од Скопје пријавила дека во с.Трубарево, скопско, била касната од куче скитник.

На 28.08.2023 во 22.40 часот во СВР Тетово, 36-годишниот Д.П од Гостивар пријавил дека на улица „Живко Брајковски" во Гостивар бил каснат од куче скитник. Во истото време и на истото место од куче скитник бил каснат и Ѓ.Ѓ(27) од гостиварско Тучневиште.

На 28.08.2023 во 04.50 часот во Полициската станица Бит Пазар било пријавено дека на ул.„Лазар Танев" бил опожарен угостителски објект, сопственост на Ќ.И. од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2023 во 21.54 часот во СВР Скопје, малолетник од Скопје пријавил дека на ул. „Беласица" тој и негови другари биле пресретнати од три лица кои со закана со остар предмет од негов другар одзеле 200 денари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.08.2023 во 11.05 часот во СВР Куманово било пријавено дека на ул.„Тоде Мендол" во Куманово настанал пожар во движење во патничко моторно возило за специјализирана намена, сопственост на ЗЗУ „Здравствен дом" Куманово. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Куманово и возачот, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Куманово.

На 27.08.2023 Одделот за суздивање на организиран и сериозен криминал - Сектор за криминалистички истраги - Единица за недозволена трговија со дрога до Основно јавно обвинителство Куманово поднесе кривична пријава против Ц.Е. (42) од Куманово, поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" предвидено и казнило по чл.396 од КЗ. Ц.Е. изминатиот период неовластено набавил и во својот дом држел оружје и муниција за оружје, поради што врз основа на издадена Наредба од судија на претходна постапка од Основен суд Куманово во тек на полициска акција спроведена на 27.08.2023 година од страна на полициските службеници при ЕНТД беа преземени мерки и активности и извршен е претрес во домот и другите простории кај лицето, при што пронајдени и одземени се еден пиштол долга деветка со рамка од 8 куршуми калибар 9мм, 28 парчиња муниција за пиштол калибар 9 мм, една полуавтоматска пушка карабин, една ловиписка пушка, 17 метални рамки за муниција за карабин како и 138 парчиња муниција за карабин различен калибар. Лицето е лишено од слобода и изнесено пред Судија на претходна постапка, од чија страна му е одредена мерка притвор во траење од 30 дена.

По преземени мерки и активности, полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар го привеле А.Ј.(22) од Скопје. Тој се сомнича дека на 28.08.2023 околу 20.30 часот во трговски центар на подрачје на Центар, заедно со уште едно лице со остар предмет нападнале тројца малолетници од Скопје и им нанеле повреди. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (29 август) околу 10 часот на улица „Светозар Поповски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 31-годишниот гостиварец А.Н. Тој се сомнича дека на 26-ти јуни годинава извршил обљуба врз малолетничка, инаку роднина на неговата сопруга. А.Н. е задржан во Полициската станица Гостивар за целосно расчистување и документирање на случајот, по што против него ќе следува поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (28.08.2023) Секторот за внатрешни работи Струмица спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 178 возачи. Од нив девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час. Притоа 40 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 138 надвор од населено место.

На 28.08.2023 во 14.10 часот во Полициската станица Чаир, А.С.(36) од Скопје пријавила дека на 27.08.2023 околу 18.30 часот на подрачје на Бутел нејзиниот малолетен син, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2023 во 16.36 часот во СВР Штип, Н.А.(44) од с.Таринци, штипско, пријавил дека на патот Виница – Берово, во атар на с.Блатец, виничко, по претходно недоразбирање во сообраќај, две лица го оштетиле неговото патничко возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2023 во 19.15 часот во Полициската станица Драчево било пријавено дека во с.Студенчани, скопско, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Т.(28) и Б.Т.(41) двајцата од с.Рамни Габер, скопско, при што бил употребен и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2023 во 14.00 часот во ОВР Кавадарци било пријавено дека од Здружението на граѓани на ул.„Браќа Хаи Тефови" биле одземени седум лап топ компјутери и делови за компјутер. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2023 во 18.35 часот во Полициската станица Центар, Ж.Д. од Скопје пријавил дека на бул.„Гоце Делчев" во Скопје, две лица со закана од неговиот малолетен син одзеле лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (29.08.2023) околу 11.40 часот полициски службеници од Оперативен Тим и ОКР Ѓорче Петров при СВР Скопје во содејство со САЕ „Тигар", по претходно добиена оперативна информација, во близина на училиштето во с.Грчец, скопско, го лишија од слобода Иљаз Муареми (45) од с.Грчец, баран со меѓународна потерница по наредба на ОЈО за ГОКК, а во врска со член 215 од КЗ на РСМ со определена мерка притвор во траење од 30 дена. Муареми, кој бил со четирициклет, се обидел да избега и притоа удрил во службено возило на МВР, но набргу бил совладан од полициски службеници и лишен од слобода. При тоа, кај него е пронајден и одземен пиштол „валтер" и рамка со 15 куршуми. И.М. ќе биде предаден на надлежното обвинителство.

На 28.08.2023 во 12.15 часот во СВР Скопје, Љ.М.(68) од Скопје пријавил дека на автобуса постојка на бул.„Александар Македонски" во Скопје, две лица со закана одзеле личен предмет и пари од неговиот малолетен внук. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.08.2023 во 22.40 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со повреди од остар предмет бил донесен С.Б. (22 од Скопје. Според пријавното, настанот се случил во Шуто Оризари, а повредите му ги нанел З.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет